Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по изборниот предмет *вештини за живеење* за VI одделение на основното осумгодишно образование, односно за VII, VIII или IX одделение за деветгодишното основно образование.

НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ВЕШТИНИ ЗА ЖИВЕЕЊЕ

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2008

## 1. ВОВЕД

Со изучување на предметот *вештини за живеење* учениците стекнуваат знаења и вештини со кои ќе ги задоволат своите психофизички, економски, социјални и естетски потреби.

Тие вештини ќе им користат на учениците во домот, училиштето, околината.

Акцентот во овој изборен предмет е ставен на стекнување знаења и вештини што се однесуваат на изборот, подготвката и културата на исхраната и облекувањето, личната и колективната заштита во случај на различни извори на загрозување, како и основни знаења и вештини на учениците како потрошувачи.

Наставниот предмет *вештини за живеење* се изучува како изборен предмет во VII, VIII или IX одделение со неделен фонд од 2 часа, односно 72 часа во текот научебната година.

**ЗАБЕЛЕШКА:**

**Согласно динамиката за воведување на девтгодишното основно воспитание и образование наставната програма за учениците во VI одделение на осумгодишното основно училиште од учебната 2008/09 година е еквивалентна на наставната програма за VII, VIII или IX одделение на деветгодишното осдновно училиште.**

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА VII, VIII или IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се вклучува активно во секојдневните проблеми и ситуации во домот, училиштето и околината преку осмислени постапки и активности;
- да стекнува знаења за чувањето и подготовката на храна;
- да се оспособува да подготвува едноставни здрави оброци за себе и за членовите на своето семејство, да го сервира приборот и јадењето при секој оброк;
- да стекнува знаења за начинот на подготвување, чување и користење на облеката;
- да се оспособува да избере и носи облека и обувки кои соодветствуваат на временските прилики и услови и на неговите/нејзините потреби, да ја одржува облеката со користење на соодветни средства;
- да развива навики за менување на облеката и обувките во зависност од приликите и околностите, видот на активностите и сл;
- да се оспсобува за ситни поправки на својата облека (да зашие копче, да поправи раб, да сошие амблем, апликација и сл.);
- да стекнува знаења за изворите на опасност и елементарните непогоди;
- да се оспособува да се снајде во ситуации кои ја загрозуваат неговата/нејзината безбедност;
- да се оспособува да постапува според правилата на безбедност во училиштето и надвор од него;
- да се оспособува да ги мапира изворите на опасност и загрозена безбедност во домот, во училишната средина и во околината на живеење;
- да се оспособува да идентификува ситуација на повреда или состојба и да реагира соодветно;
- да стекнува знаења за улогата на потрошувачот и корисникот на услуги;
- да се оспсобува да прави селекција и да одредува приоритети на своите потреби при купување и да води лична евиденција за потрошените пари;
- да се оспособува да ги чита симболите за начинот на одржување и рокот на траење на одредени продукти;
- да се оспособува да бара фискална сметка за секој купен производ.

.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **Тема:** ***ИСХРАНА*** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да стекне вештини за чистење и одржување на храната | • Начини на чистење на храната<br>• Начини на одржување на свежа и чиста храна | Пакување<br>Складирање<br>Конзервирање<br>Пастеризирање<br>Замрзнување | • Миење на сезонско овошје и зеленчук во училишната кујна.<br>• Подготовка и пакување на сезонски зеленчук и/или овошје за замрзнување во училишната кујна.<br>• Истражување за процесот на пастеризирање и конзервирање – правење зимница (посета на локална фабрика или интервју со родители, роднини, соседи), документирање на процесот.<br>• Изработка на фотосторија, ѕиден весник, за процесот на пастеризирање и конзервирање. |
| • да се оспособи за практикување на основните кулинарски вештини | • Основни вештини за подготовка на храна<br>• Потребен прибор за основните кулинарски вештини | Лупење<br>Сечкање<br>Матење<br>Месење | • Практична демонстрација и изведба на основните вештини за подготовка на храна (лупење, матење, месење, сечкање) во училишна кујна (или според условите во училиштето и ресурсите во локалната заедница - во училницата, локалната градинка итн.). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Да знае да користи рецепти за подготвување храна. | • Потребни елементи на рецептите<br>• Мерење на состојките<br>• Составување рецепт за омиленото јадење и/или пијалак | Состојки на рецепт<br>Мерни единици | • Практично совладување на вештината за мерење на различни продукти (течни, тврди) во различните мерни единици (поврзување со некоја од училишните лаборатории)-метод на работилница.<br>• Правење на листа со совети од домашните рецепти.<br>• Изработка на тетратка со рецепти од омилените јадења и пијалаци на учениците. |
| • Да се стекне со вештини за практикување на основните начини на подготвување храна. | • Основни начини на подготвување храна<br>• Основни правила при различните начини на подготовка на храна | Печење<br>Пржење<br>Динстање<br>Варење | • Користење на книги за готвење и ТВ - емисии за запознавање со начините на подготвување на храна.<br>• Изработка на готвач во одделението со традиционалните јадења од регионот<br>• Подготвување на својот сендвич, ужина (работилница).<br>• Подготвување на едноставни оброци со примена на основните начини на подготовка на храна во училишната кујна (или според условите во училиштето и ресурсите во локалната заедница - во училницата, локалната градинка, посета во некој дом итн.). |
| • Да се стекне со вештини на сервирање и декорирање на храна | • Основен прибор за јадење и послужување што треба да се сервира на масата<br>• Редослед и позиција на поставување на секој дел од | Прибор за јадење<br>Сервирање на маса<br>Декорирање на храна | • Објаснување и демонстрација на едноставно сервирање на јадење (покана на угостител-келнер или готвач) – работилница во училишната кујна или училницата.<br>• Декорирање на одделни оброци (супа, салата, колач) –разговор и практична изведба во училишна кујна или училницата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | приборот според содржина на оброкот<br>• Декорирање на храната во традиционалната и современата кујна | | |
| • Да се стекне со култура на јадење | • Бонтон при јадење (однесување во ресторан)<br>• Однесување при јадење во различни култури | Култура на јадење | • Презентирање и разговор за бон – тон при јадење.<br>• Драматизација за различни сценарија и ситуации за (не)користење на култура на јадење(играње на улоги).<br>• Цртање стрип за различно однесување при јадење во различните култури и традиции.<br>• Заедничко гледање на филм со елементи на култура на јадење во различни земји. |
| Тема: ***ОБЛЕКУВАЊЕ*** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги разликува основните текстилни влакна;<br>• да ги знае симболите за различните видови текстилни суровини на етикетите на облеката. | • Текстилни влакна и нивното потекло (природни и вештачки)<br>• Симболи за обелекување на различните видови на текстилни суровини на етикетите на облеката | Текстилни влакна<br>Природни (растителни- памук, свила, коноп, лен) животински- волна, кашмир, ангора )<br>Вештачки (синтетички- полиестер, акрилик, најлон, ликра) | • Презентација на различни видови на текстилни влакна (памучни, волнени, свилени, најлонски, коноп...).<br>• Посета на продавница за текстилни материјали и суровини.<br>• Изработка на постери со различите видови текстилни суровини и нивните симболи. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Да прави разлика помеѓу различните видови текстилни материјали;<br>• да се запознае со основните вештини за начини на изработка на текстилните материјали. | • Текстилни материјали (ткаенини, предени и плетени материјали) и начини на изработка<br>• Плетење и техники на плетење<br>• Ткаење на разбој | Предење<br>Ткаење<br>Плетење | • Презентација на различни текстилни материјали – ткаенини, плетени и предени материјали.<br>• Изработка на колажи од различните текстилни материјали.<br>• Плетење плетенки со три врвки.<br>• Плетење со игли.<br>• Ткаење на разбој (макети). |
| • Да разликува стилови на облекување;<br>• да негува личен стил на облекување. | • Модни трендови и модна индустрија<br>• Стилови на облекување – Личен стил | Мода<br>Трендови<br>Стилови на облекување (спортски, модерен, во зависност од музиката или друга супкултутра, во зависност од религијата, традицијата)<br>Традиционална носија | • Дискусија и презентација на материјалите за различни стилови на облекување.<br>• Изработка на портфолио за сопствениот стил на облекување (со фотографии, цртежи, белешки).<br>• Дебата за модата, трендовите на облекување и придобивките и штетите од модната индустрија денес.<br>• Истражување за начините на облекување (денес и во минатото, во Македонија и во други земји и култури). |
| • Да препознава, разликува и избира делови на облеката според нивната намена;<br>• да прави приоритети при избирањето на облеката. | • Мојот плакар – делови на облеката според намената и потребата<br>• Како ја одбирам мојата облека?<br>• Облеката и здравјето | Долна облека<br>Горна облека<br>Обувки<br>Додатоци на облеката<br>Зимска, летна облека<br>Наменска (за спортување, заштитна облека, униформи…) | • Се прави список на својот плакар и се дискутираат деловите на облеката според намената и потребата.<br>• Се прави работилница за правење приоритети, се симулира трговски центар со продавници за облека. Учениците одат да купат облека, и прават избор, потоа презентација на купената облека. Дискусија каде, што ќе одберат за облекување? Според кои критериуми? ( што е здраво, цена, материјали, дизајн, боја, тренд...). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Да научи како да се грижи и да ја одржува својата облека и обувки;<br>• да научи да применува практични совети за одржување на облеката и обувките. | • Грижа и одржување на облеката и обувките | Средства за перење<br>рачно перење<br>машинско перење,<br>хемиско чистење<br>Сушење<br>Пеглање – пегла, даска за пеглање<br>Диплење, пакување<br>Четкање<br>Боење | • Дискусија за начините на кои се грижиме за облеката (пакување и чување на облеката).<br>• Демонстрација и вежбање на пеглање на различни делови од облеката<br>• Демонстрација на различни видови диплење. |
| • Да се научат основните вештини на шиење, крпење потребни во секојдневниот живот;<br>• да се стекнат со основните вештини за везење. | • Начини на изработка на облека - рачна и машинска изработка на облека<br>• Традиционални и современи начини на изработка<br>• Што можам самиот/та да направам? | Рачна, машинска<br>Шиење, кроење, плетење, везење, ткаење.... | • Во групи се чита и презентира за различните начини на изработка на облеката.<br>• Дискусија за традиционалните начини на изработка наспроти современите начини.<br>• Учење на основните вештини на шиење (зашивање, копче, крпење скинат материјал), плетење, везење... |
| **Тема*: БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА*** | | | |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да се запознае со опасностите на природните непогоди и другите несреќи<br><br>• да ги воочува и мапира изворите на загрозување во училиште, дома и во околината; | Природни<br>непогоди и други<br>незгоди и ризици:<br>земјотрес, поплава,<br>лизгање на земјиштето,<br>невреме – дожд, гром<br>снег, магла, ветрови;<br>- несреќи- пожар,<br>технички несреќи и сл.<br>Превенција и заштита | Извори на загрозување<br>( земјотрес,<br>лизгање на земјиштето,<br>пожар).<br><br>Превенција<br>лична (самозаштита)<br>групна (колективна)<br>заштита. | - Учениците ги познаваат, разликуваат и дефинираат природните непогоди и другите незгоди, само во функција на лична заштита.<br>Активностите можат да бидат работилници, вежби, кабинетски и теренски, во зависност од условите и карактеристиките на училиштето и регионот во кој припаѓаат. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • да се оспособува да постапи правилно во вонредна состојба;<br><br>• да умее да распознава знаци за опасност и да постапи правилно во вонредната ситуација;<br><br>• да го сфати значењето на правилната и дисциплинирана постапка. | пред, за време и по несреќата.<br><br>Постапки и правила за безбедно однесување преку симулација на одредена непогода. Препознавање на знаци за опасност, важни броеви, каде се наоѓаат? Мерки за безбедност и заштита.<br><br>Евакуација, правци на движење и зборно место во училиштето. Значењето на правилна евакуација во училиштето и дома. | Знаци за опасност<br>Сирена повикувачки телефонски број 195-(Центар за управување со кризи) во РМ<br>- Листи од важни броеви -Црван крст, полиција, брза помош, Дирекција за заштита и спасување<br><br>Безбедност<br><br>Евакуација<br>Правец-рута на движење<br>Зборно место | - Изработка на листи со важни броеви и стрелки на движење на својот клас за напуштање на училиштето. Изработените постери, шеми, цртежи, стрелки ги поставуваат на видни места во училиштето-на вратата од училницата, во ходниците, по скали итн. За приказ може да се користи филм, ЦД-ром, текстови, слики и слично.<br><br>Теренски и во училиште:<br>- учениците симулираат, мапираат опасни места<br>- кризна ситуација, ги вежбаат постапките за заштита и безбедност;<br>- вежба за евакуација (ПРЕД, ЗА ВРЕМЕ И ПО опасноста);<br>- работат на истражувачки активности кои го каректеризираат нивниот крај – окружување, подлежено на непогоди и опасности. |

| Тема: ***Прва помош*** | | | |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да знае постапка на повик за прва помош. | • Значење на првата помош<br>• Средства за укажување на прва помош<br>• Проценка на повредениот и повик за прва помош | Прва помош<br>Повреда и повреден<br>Животна опасност | • Дискусија за ситуации во кои има потреба од прва помош, примери и искуства.<br>• Работилница за усвојување на постапката за повик за прва помош (повик на итна медицинска помош) преку вежбање на процедурата на прашања – каде? што? колку? какви повреди? кој? |
| • Да се запознае со основните вештини за укажување на прва помош. | • Прва помош во функција на самопомош и помош на повредениот<br>• Постапки за укажување на прва помош | Постапки за укажување на прва помош<br>Витални знаци или знаци на живот | • Дефинирање на процедурата на постапки за укажување на прва помош на повреден преку разговор.<br>• Демонстрација од стручно лице за запознавање со техниките на прва помош.<br>• Работилница со симулација на видови повредени и воспоставување на вербален контакт со психолошка поддршка на повредениот.<br>• Правење на постер- информатор со процедурата на постапки. |

| **Тема:** ***УЧЕНИКОТ КАКО ПОТРОШУВАЧ*** | | | |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да се оспособува да го планира својот буџет;<br><br>• да се оспособува за одговорно трошење-штедење. | • Ученикот како потрошувач – права и обврски, информирани потрошувачи<br><br>• Изготвување и управување со личен буџет<br><br>• Што е приход, расход и заштеда<br><br>• Определување на приоритети во трошењето | Потрошувач<br>Производ<br>Услуга<br><br>Личен буџет<br>Месечен буџет<br>Семеен буџет<br><br>Приход<br>Расход<br>Заштеда | - Со секојдневни примери се стимулираат учениците да ги откријат своите улоги како потрошувачи и како корисници на услуги и стануват свесни за својата активна улога во тие релации и информирани потрошувачи.<br>- Учениците ги идентификуват и дефинираат поимите преку различни методи, работилници, посета на маркет, забар, бербер-фризер и сл.<br>- Размислуваат за тоа како и каде ги трошат парите кои ги добиваат за џепарлак или некој им ги подарил.<br>- Учениците наведуваат 10 производи и 10 услуги што ги користат во семејството, а потоа ги класифицираат според приоритетите.<br>- Изготвување на табела за приход, расход и трошоци. |
| • да се запознае со основните елементи на декларацијата на производот и со нејзиното значење. | Декларацијата - лична карта на производот | Декларација на производ<br><br>Состав<br>Рок на производство<br>Траење на производот,<br>Количина<br>Производител | - Учениците носат три спакувани производи од ист вид- сок, млеко чоколадо и др.<br>Тие се определуваат за производот според изгледот - амбалажата и формата.<br>Заеднички ја разгледуваат декларацијата.<br>Дискутираат, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ЦЕ-знак<br>Други симболи на одбележување | ги читат елементите на декларациите на производите:<br>име на производот, датум на производство, рок на траење, состав, количина, тежина, производител, дистрибутер итн.<br>Врз основа на овие податоци, учениците повторно се определуваат кој производ би го купиле.<br>Следува дискусија, потоа изработка на декларација - на табла или постер, се пишуваат елементите, може изработка на макета-производ со декларација и сл. |
| • Да ја сфати потребата (користа) на фискалната сметка, | Фискална сметка | Фискална сметка | - Драматизација: играње на улоги- потрошувач враќа оштетен производ, но не носи сметка, а продавачаот наоѓа безброј причини да не го прими. Следува дискусија за правата и обврските на потрошувачот. |
| • Да се запознава со правата како потрошувач | Права и обврски на потрошувачот | Закон за заштита на потрошувачите на РМ<br><br>ОПМ-тел.023179-592<br>Инспекции (броеви....) | - Учениците се делат во групи. Секоја група добива по еден потрошувачки проблем од секојдневниот живот и член од Законот со кој се регулира тој проблем. Групата го проучува проблемот, ги чита правата на потрошувачот во однос на проблемот и пишува можни решенија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Да се запознава со поимот реклама на производите;<br><br>• да развива критички однос спрема рекламата. | Добри и слаби страни на рекламата<br>Рекламата и нејзините пораки. | Реклама<br><br>Маркетинг | За подготовка на темата гледаат реклами и прават нивен опис.<br>- Преку бура на идеи работ на поимот реклама.<br>- Потоа учениците дискутираат за елементите кои можат да се користат во една реклама.<br>- Следува дискусија за позитивните/негативните елементи на рекламата и нејзиното влијание врз изборот на потрошувачот.<br>- Потоа се дискутира и за скриената реклама за производи кои не смеат да се рекламираат (цигари, алкохол и сл.). |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Остварувањето на целите на наставниот предмет *вештини за живеење* е условено од начинот и пристапите на работа на наставникот во одделението и во училиштето во целина. Неопходни се однапред осмислени и дизајнирани активности преку кои ќе дојдат до израз индивидуалните можности и способности на ученикот/ученичката во врска со секојдневниот живот: безбеден престој во училницата и училиштето, во семејниот дом и престојот во поширокото окружување, избор и користење на облека при вклучување во разновидни активности, соодветна исхрана.

Посебно внимание треба да се посвети на моделите на работа на час преку кои ученикот/ученичката треба да користи едноставни апарати, алатки, материјали и сл.

Овој предмет нуди можност за развој на програми и активности кои произлегуваат од специфичностите на окружувањето на учениците кое може да послужи како извор и средство за стекнување вештини за полесно совладување на знаењата од другите програмски подрачја, практичните активности и ракување со прибор за работа и едноставни алатки. Активностите и содржините се податливи за корелација со целите на предметите: животни вештини, техничко образование, ликовно образование, како програмираните истражувачки активности во наставните предмети од општественото и природнонаучното програмско подрачје.

Препорака е наставникот да ја поттикнува самостојната работа на учениците, да ја поддржува нивната креативност и инвентивност преку разни техники на изведба: бура на идеи, симулирање на ситуации, играње на улоги, организирање работилници, користење на детското животно искуство и негова примена и користење во решавање на проблеми од практичен карактер кои се дел од програмата на предметот.

Програмскиот концепт на овој наставен предмет овозможува изведба на разновидни активности, групни и одделенски дискусии во врска со родовата рамноправност и работната ангажираност на девојчињата и момчињата во извршување на разновидни задачи и обврски.

Наставниот предмет *вештини за живеење* е застапен со 72 часа годишно и има статус на **изборен предмет** кој учениците можат да го избираат во последниот развоен циклус на основното образование.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За успешна реализација на целите на овој наставен предмет неопходно е континуирано следење на работата на секој ученик/ученичка. Континуираното следење е условено од согледувањето на претходните искуства, вештини и знаења со кои располага секој ученик/ученичка. Видот и обемот на активностите наставникот треба да ги програмира според индивидуалните можности кои ученикот/ученичката ги демонстрира **во текот** на одвивањето и реализацијата на секоја активност.

Финалниот продукт од извршената обврска, задача не смее да претставува единствен индикатор за оценување на напредувањето. Оценувањето на учениците треба да се однесува на континуираното следење на начинот на изведба на истражувачките активности, презентацијата, соработката во групите, соодветно користење на алатки и сл.

Во текот на учебната година ученикот/ученичката се оценува бројчано.

## 6 ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Предметни наставници во основното образование со завршена обука за реализација на програмата.

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- знае правила за избор, одржување и чување на храната;
- умее да користи прибор за јадење;
- умее да подготви едноставен оброк според даден рецепт;
- се однесува на социјално прифатлив начин при јадење;
- умее да сервира прибор за јадење и послужување на маса;
- знае определни правила за облекување според активностите што ги извршува;
- умее да користи прибор за шиење;
- умее да зашива, шие со игла, крпи и ткае на едноставен разбој;
- умее да направи листа на трошоци од сопствениот буџет според потреби и приоритети;
- знае правила и процедури за избегнување на опасности и/или заштита при опасност;
- го знае значењето на симболите во декларациите на производите што ги купува;
- може да увиди скриени пораки во реклама.

**9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ЈА ИЗРАБОТИ СТРУЧНИОТ ТИМ:**

1. Софка Коцева, советник во Бирото за развој на образованието - координатаор
2. проф. д-р Снежана Адамчевска, Филозофски факултет-Институт за педагогија - Скопје-претседател
3. Ана Блажева, СУГС „Марија Кири Склодовска” – Скопје
4. Жанета Чонтева- координатор на проект од УНИЦЕФ- Скопје
5. Марија Таневска, Министерство за здравство-Скопје

**10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

Наставната програма по *вештини за живеење* за шесто одделение на основното осумгодишно образование, односно за седмо, осмо или деветто одделение на основното деветгодишно образование ја донесе

Министер

________________

**Сулејман Рушити**

на ден ___________________